BONA FIDE

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје
ул.Јордан Хаџиконстантинов - Џинот број 3,
Скопје, Република Северна Македонија
Телефон / факс : 02 3 232 065
contact@bonafide.mk

**Забелешки во однос на предлог - Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи**

**Предлог 1**

Релевантен член: член 5 став (1) точка 20.

Коментар (опис на проблемот во примената на регулативите): член 5 став (1) т.20 од предлог - Закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи предвидува дека забранети нефер трговски практики во односот помеѓу купувачот и добавувачот се сметаат кога купувачот - ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски и прехранбени производи кои се испорачани без да ги плати или без да плати за отстранување на тие производи.

Со оглед дека овој закон е базиран на ЕУ директивата 2019/633 на Парламентот и Советот на Европа од 2019 година, сметаме дека во текстот на истиот би требало да се имплементираат определени одредби согласно праксата кои некои од нашите клиенти ја има на другите пазари-поконкретно во Р. Хрватска каде веќе е во сила закон со истиот назив и содржина- Zakon o zabrani nepoštenih trgovačkih praksi u lancu opskrbe hranom - Zakon.hr ( поконкретно да се изврши увид во членот 12 став (1) точка 7 и став (2) точка 7.

**Релевантна одредба од предлог-законот која сметаме дека треба да се дополни е: точката 20, од ставот 1 во членот 5 од законот**

Поконкретно, сметаме дека треба да се имплементира исклучок од опишаната нефер трговска пракса во ситуација кога:

*Добавувачот за прв пат му испорачува на Купувачот земјоделски или прехранбени производи, или кога му испорачува нови производи за кои купецот и Добавувачот договориле определен пробен период за производот, не повеќе од 120 дена од испораката, во кој рок Купувачот може да го врати производот.*

Сето ова под услов посочената трговска пракса недвосмислено да е предвидена во договорот или дополнително договорена помеѓу Добавувачот и Купувачот.

Погоренаведеното се покажало како позитивна пракса во земјата во која е воведена оваа пракса односно исклучок – од причина што ја смалува неизвесноста и ризикот за Купувачот во однос на продажбата на нови производи и овозможува непродададените количини непречено да се вратат на Добавувачот. Од друга страна, има позитивен аспект за Добавувачот од причина што му дава можност да пласира нови производи на пазарот, од причина што секогаш Купувачот ќе може поедноставно да става на располагање нови производи кога ќе знае дека може да го врати производот доколку има намалена побарувачка. Во секој случај, ваквиот исклучок –можност производите да може да се

BONA FIDE

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје
ул.Јордан Хаџиконстантинов - Џинот број 3,
Скопје, Република Северна Македонија
Телефон / факс : 02 3 232 065
contact@bonafide.mk

вратат во определен временски период, ќе значи дека постои можност за поголем спектар на производи да се пласираат на пазарато, како и фактот дека крајниот потрошувач полесно ќе може да дојде до нови производи.

Единствениот заклучок кој може да се донесе од дадениот предлог за дополнување на точката 20, од ставот 1 од членот 5 од предлог –законот е дека истиот нема да има штетни последици за ниту една од инволвираните страни.

Конкретен предлог за дополнување на точката 20, став 1 од членот 5 од **Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи**:

Нема да се смета за нефер трговска праска утврдена во ставот 1, точка 20 од овој член, доколку станува збор за земјоделски и прехранбени производи кои Добавувачот за прв пат ги испорачува на Купувачот, или доколку доколку станува збор за производи за кои Купувачот и Добавувачот со писмен договор утврдиле пробен рок на производот за период од максимум 120 дена, а во кој период Купувачот има право да го врати таквиот производ.

Под поимот прв пат-ќе се смета секој производ( без оглед на количината на неговото пакување, битно е да се работи за иста трговска марка) кој претходно никогаш не бил доставуван од еден ист Добавувач кај еден ист Купувач.

За Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје,

Адвокатско Друштво БОНА ФИДЕ BONA FIDE СКОПЈЕ ул.Јордан Хаџи Константинов-Џинот